Влада на Република Северна Македонија

**Генерален секретаријат**

Арх. бр.: 55- 778/1

Датум/Data: .1.2025 г.
21-01-2025

До: Министерство за јавна администрација
булевар „Св.Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

Предмет:Полугодишен извештај за претставки и предлози, за период од 1 јули до 31 декември 2024 година

Почитувани,

Согласно член 19 став (2) од Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на Република Македонија" бр.82/08, 13/13, 156/2015 и 193/2015) и Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.208/24), го доставуваме полугодишниот извештај за претставки и предлози, за период од 1.7.2024 до 31.12.2024 година, во кој се евидентирани 69 претставки и предлози, според следните критериуми на разликување:

- Форма на поднесување: 56 претставки се поднесени во писмена, а 13 претставки во електронска форма.

- Подносители на претставките: 38 претставки се поднесени од физички лица, 15 претставки од правни лица, 6 анонимни и 10 претставки се поднесени од други лица (застапници, полномошници, група граѓани и сл.).

- Начин на постапување на претставките и предлозите: Постапено, односно директно е одговорено на 13 претставки; на надлежност и постапување на надлежните органи се доставени вкупно 52 претставки, а 3 претставки беа одговорени на друг начин (беспредметна претставка со неразбирлива содржина и цел, нејасна содржина, нема законска основа за постапување). За 1 претставка од областа на управата не е постапено во законскиот рок, но постапката е во тек. За 7 претставки постапката е во тек и се препратени на надлежните институции за постапување.

- На 68 претставки е постапено во законскиот рок, а за 1 претставка не е постапено, бидејќи изминал рокот за постапување, но постапката е во тек.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118022
www.vlada.mk

Преглед на постапување по претставките и предлозите по области:

1. Од областа на имотно-правните односи, управата и судството, евидентирани се вкупно 29 претставки. Од нив, 26 претставки се поднесени во писмена форма, а 3 претставки се поднесени во електронска форма. Вкупно 18 претставки се поднесени од физички лица, 4 претставки од правни лица, 2 претставки се анонимни и 5 претставки од други лица (застапник, полномошник, група граѓани и сл.). Од нив, 22 претставки се препратени на надлежност до надлежните органи, на 6 претставки е одговорено директно на подносителот на претставката, а за 1 претставка не е постапено во законскиот рок, иако постапката сè уште трае. Имено, 4 претставки се препратени на надлежност на соодветните институции и за нив постапката е во тек. На 28 претставки е постапено во законскиот рок, а за 1 претставка законскиот рок за постапување изминал.

2. Од областа на пензиското и инвалидското осигурување, здравствената, социјалната и детската заштита, евидентирани се 5 претставки. Од нив, 4 претставки се поднесени во писмена, а 1 претставка во електронска форма. Вкупно 3 претставки се поднесени од физички лица, 1 претставка е поднесена од правно лице и 1 претставка од други лица (застапници, полномошници, група граѓани и сл.). Сите 5 претставки се препратени на надлежност до надлежните органи, а за 2 претставки кои се препратени на надлежни институции за постапување, постапката сè уште трае. На сите претставки е постапено во законскиот рок.

3. Од областа на станбено-комуналните работи, урбанизмот, градежништвото, сообраќајот и животната средина се поднесени 8 претставки, од кои 6 претставки во писмена и 2 претставки во електронска форма. Само 3 претставки се од физички лица, 2 претставки се од правни лица и 3 претставки од други лица (застапници, полномошници, група граѓани и сл.). Од нив, 7 претставки се препратени на надлежност на надлежните институции, на 1 претставка е одговорено директно на подносителот. За 1 претставка која е препратена на постапување на надлежните институции, постапката сè уште е во тек. На сите претставки е постапено во законскиот рок.

4. Од областа на образованието, вработувањето и правата од работен однос, евидентирани се вкупно 6 претставки. Сите 6 претставки се поднесени во писмена форма. Од нив, 3 претставки се од физички лица, 2 претставки се од правни лица, а 1 претставка е анонимна. Вкупно 4 претставки се препратени за

постапување на надлежни институции, а на 2 претставки е одговорено директно на подносителот. На сите претставки е постапено во законскиот рок.

5. Од останатите области, евидентирана е вкупно 21 претставка, од кои 14 претставки се поднесени во писмена, а 7 претставки во електронска форма. Од нив, 11 се од физички лица, 6 претставки се од правни лица, 3 претставки се анонимни и 1 претставка од други лица (застапници, полномошници, група граѓани). Вкупно 14 претставки се препратени на надлежност до соодветни институции, на 4 претставки е одговорено директно на подносителот, а 3 претставки се решени на друг начин. На сите претставки е постапено во законскиот рок.

Искрено,

Игор Јанушев
генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

ИЗВЕШТАЈ

за податоците коишто се однесуваат на постапувањето по претставки и предлози за периодот 1.7.2024-31.12.2024 година

| Број на ...римени ...тставки и ...редлози | | Област | Форма | | | Подносител | | | | Начин на постапување | | | | | | | Број на претставки и предлози по кои е постапено | | Број на претставки и предлози по кои не е постапено | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пренесени | Вкупно | Област | Усно | Писмено | Електронски | Физички лица | Правно лице | Други | Анонимни | Постапено | Непостапено | Постапката е во тек | Препратени на надлежност | Постапено по инииЈатива на МЈА | Постапено по иницијатива наНП | На друг начин | Во законски пропишаниот рок | По истекот на рокот | Рокот за постапувањеизминал | Рокот за постапувањетече | Забелешка |
| 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| 0 | 29 | Имотно правни односи, управа и судство | 0 | 26 | 3 | 18 | 4 | 5 | 2 | 6 | 1 | 4 | 22 | 0 | 0 | 0 | 28 | 0 | 1 | 0 | |
| 0 | 5 | Пензиско-инвалидско осигурување, здравствена социјална и детска заштита | 0 | 4 | 1 | 3 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 5 | 0 | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | - |
| 0 | 8 | Станбено-комунални работи, урбанизам, градежништво, сообраќај и животна средина | 0 | 6 | 2 | 3 | 2 | 3 | 0 | 1 | 0 | 1 | 7 | 0 | 0 | 0 | 8 | 0 | 0 | 0 | - |
| 0 | 6 | Образование, вработување и права од работен однос | 0 | 6 | 0 | 3 | 2 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 | 6 | 0 | 0 | 0 | - |
| 0 | 21 | останато | 0 | 14 | 7 | 11 | 6 | 1 | 3 | 4 | 0 | 0 | 14 | 0 | 0 | 3 | 21 | 0 | 0 | 0 | - |
| 0 | 69 | Вкупно: | 0 | 56 | 13 | 38 | 15 | 10 | 6 | 13 | 1 | 7 | 52 | 0 | 0 | 3 | 68 | 0 | 1 | 0 | - |

Забелешка: Постапката за една претставка од областа на управата (1), сè уште е во тек, иако не е постапено во законскиот рок.